Весник: 07. 07. 2008 г.

# Современиот балет „Андерграунд“ на „Скопско лето“

Вечерва во рамките на културната манифестација „Скопско лето“, на плоштадот „Македонија“ во 21 часот, ќе биде изведена модерната балетска претстава „Underground Us V Them“ во кореографија, режија и костими на Саша Ефтимова. Претставата е во продукција на Македонската опера и балет, која својата премиера ја имаше на матичната сцена минатата година. Музиката е на ди-џеј Дарко Јорданов, додека сценографијата ја изработи актуелниот директор на Македонскиот балет Кире Павлов.



Балетот „Андерграунд“ се опишува како мултимедијален проект со прогресивна електронска музика во кој се преплетуваат повеќе кореографски стилови. Целта е да се прикаже современата војна на половите, која се провлекува низ човештвото. Учествува целиот балетски ансамбл на МОБ. (Т.И.)